ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков"
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:    +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:09-415/5

Дата: 22.05.2018

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ (во натамошниот текст ВМРО - ДПМНЕ) на сметката за редовно работење за 2016 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2016 година, во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи не изразивме мислење додека за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики изразивме мислење со резерва.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на ВМРО-ДПМНЕ за редовното работење за 2015 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

При ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2015 година, при што е утврдено дека дадена е една препорака и истата не е спроведена.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2016 година, заедно со ревизија на усогласеност, ги констатиравме следниве состојби:

- во текот на известувачкиот период политичката партија покрај сметката за редовно работење располага со уште две сметки, отворени во две деловни банки;
- не е во целост применето сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции при признавањето на приходите и расходите за 2016 година;

- извршено е евидентирање на дел од сметководствени трансакции во деловните книги без соодветна поткрепувачка документација/фактури и прилози од кои може да се потврди веродостојноста на истите;
- склучен договор со радиодифузер, согласно кој фактурирањето за извршените услуги се врши со одложен рок;
- извршен е попис на средствата и изворите на средствата со состојба на ден 31 декември 2016 година, кој не е во целост спроведен согласно законската регулатива;
- искажани се побарувања за дадени аванси во минати години за кои на ревизијата не и беше доставена поткрепувачка документација за утврдување на основот за исплата на истите;

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот за нагласување на прашања за неизвесност или континуитет, обелоденети се состојби во врска со воведување на материјални средства – градежен објект и земјиште, опрема и ситен инвентар во сметководствената евиденција на партијата, склучен договор со деловна банка за одобрување на долгорочен кредит за обртни средства кои се префрлени на сметката за изборна кампања 2016, за финансирање на истата, склучени договори со добавувачи во кои е утврден начин на фактурирање кој предизвикува ненавремено пресметување, пријавување и плаќање на даночниот долг по основ на ДДВ, нецелосна евиденција на обврските, неможност за целосно завршување постапката за верификација на состојбата на побарувањата и обврските на ден 31.12.2016 година поради не испратени конфирмации до добавувачите и прифатени и спроведени корекции на одделни билансни позиции во текот на ревизијата.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости кои влијаат на работењето на субјектот, а за нивно надминување надлежни се други институции и тоа:

- не се пропишани конкретни насоки за постапувањето во однос на признавањето на приходите и расходите според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени и во однос на нивното евидентирање;
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти за непрофитните организации;
- не е усогласен образецот на Годишен финансиски извештај со одредбите од Законот за финансирање на политичките партии, во делот на изворите на финансирање;
- поконкретно не е регулиран начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање на политичките партии, како и на начинот на пренос на средствата од членарина од сметката за редовно работење на сметката за соодветна изборна кампања;
- отсуство на изработени пречистени текстови на закони;

- не е усогласено Упатството за распределба на средствата од буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии со одредбите од Законот за финансирање на политичките партии и
- потребно да се изврши усогласување односно допрецизирање на регулативата, заради воедначено искажување на сите извори на финансирање на политичките партии во финансиските извештаи.

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Од страна на генералниот секретар на ВМРО-ДПМНЕ, добиени се забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 02-312/1 од 30.04.2018 година, истите се разгледани при што една забелешка не е прифатена, а една е делумно прифатена од причина што доставени се дополнителни докази кои имаат влијание на промена на констатираните состојби во извештајот. Останатите забелешки претставуваат известување за преземени активности за веќе констатираните состојби кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид при вршење на ревизијата, како и за активности за надминување на дел од констатираните состојби и дадените препораки во Нацрт извештајот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 21 до 23 заедно со ревизија на усогласеност на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ на сметката за редовно работење, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ за редовното работење за 2015 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на партијата застапувано од:
- м-р Никола Груевски, претседател на ВМРО – ДПМНЕ

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени

утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Заради прашањата опишани во точка 4.2. Финансиски извештаи, кои се однесуваат на не изготвен извештај и не донесен акт за усвојување на спроведен попис, ние не бевме во можност да добиеме достатен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење за усогласеност со закони и прописи.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз

завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.11.2017 до 23.02.2017 година кај ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор во 2015 година. Дадена е една препорака и истата не е спроведена.
Во Прилог 1 дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2015 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со претставници од партијата - предмет на ревизија на ден 29.01.2018 година.
Од страна на генералниот секретар на ВМРО-ДПМНЕ, а по овластување на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, добиени се забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 02-312/1 од 30.04.2018 година, истите се разгледани при што една забелешка не е прифатена, а една е делумно прифатена од причина што доставени се дополнителни докази кои имаат влијание на промена на констатираните состојби во извештајот. Останатите забелешки претставуваат известување за преземени активности за веќе констатираните состојби кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид при вршење на ревизијата, како и за активности за надминување на дел од констатираните состојби и дадените препораки во Нацрт извештајот.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Во известувачкиот период политичката партија покрај сметката за редовно работење располага со уште две сметки, отворени во две деловни банки и тоа:

- сметка за пренос на средства од одобрен кредит за обртни средства и
- наменска сметка за уплата на средства за помош на семејства кои претрпеле штета во поплавите во 2016 година. Приходите на наведената сметка се по основ на доброволни уплати на средства од граѓани, кои се распределени како помош за настанатите штети.

Постоењето на повеќе од една жиро сметка на политичката партија, не е во согласност со одредбите од член 26 од Законот за финансирање на политичките партии согласно кој ...„*политичките партии може да имаат само една жиро-сметка, а нивните локални ограноци и партиско истражувачко-аналитички центар можат да имаат и потсметки, но тие се должни во случај на постоење на истите да доставуваат консолидирани - збирни финансиски извештаи*„.... Наведената состојба влијае партијата да располага со сметки кои не се однесуваат на активности од редовното работење.
Истакнуваме дека наведените сметки не се затворени во текот на 2016 година и на истите на 31.12.2016 година евидентирана е состојба од 914 илјади денари на сметката за одобрен кредит и 4.067 илјади денари на наменската сметка за донации.

По доставување на Нацрт извештајот, Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ во февруари 2018 година има донесено Одлука за донирање на преостанатите парични средства на наменската сметка во износ од 75 илјади денари за донации на основно училиште од поплавеното подрачје. Помеѓу донаторот и корисникот на средствата во април 2018 година склучен е договор за донација, кој треба да се реализира по добивање позитивна согласност на доставеното барање до Министерството за правда за потврдување на јавниот интерес на донацијата.

**Препорака:**
Одговорното лице на партијата, да преземе мерки и активности за располагањето со сметката и потсметки на партијата да се врши согласно законската регулатива, како и да продолжи со активностите за затворање на сметките кои не се однесуваат на редовното работење на партијата.

## 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. Со увид во деловните книги, како и начинот на евиденција и искажување на сметководствените настани/трансакции, ревизијата утврди дека не е во целост применето сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции при признавањето на приходите и расходите за 2016 година, поради што не се искажани расходи за исплатени парични средства во вкупен износ од 2.354 илјади денари до 31.01.2017 година, а кои се однесуваат на известувачкиот период.
Наведената состојба не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството на непрофитните организации и Правилникот за сметководството на непрофитните организации и влијае на искажување на поголем вишок на приходи над расходи во 2016 година и на нереално искажување на билансните позиции.

**Препорака:**
Одговорното лице на партијата, во координација со одговорното лице за водење на деловните книги да преземе активности за воспоставување евиденција согласно сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

4.2.2. Со увид во приложената документација и сметководствената евиденција на обврските за извршени услуги и евидентираните расходи за истите, констатирани се следните состојби:

- за евидентирани обврски за објавување на огласи во вкупен износ од 618 илјади денари, на ревизијата не и беше презентирана комплетна поткрепувачка документација како потврда за извршените услуги (Прилог2);
- евидентирани се обврски за извршени услуги во вкупен износ од 27.156 илјади денари, врз основа на договори, без доставени фактури од добавувачите (превоз на лица и услуги за изработка и врамување на уметнички слики - Прилог 3). Истакнуваме дека во сметководствената евиденција на партијата за 2016 година евидентирани се уметнички слики во износ од 23.629 илјади денари (детално опишано во т. 6.5. од Извештајот).

Ваквата состојба не е во согласност со член 10 од Законот за сметководството за непрофитните организации и член 13 од Правилникот за сметководството за непрофитните организации, согласно кои внесувањето на податоците во нивните деловните книги мора да се заснова на веродостојни, целосни и уредни сметководствени документи, со што се докажуваат настанатите финансиски промени и влијае на можноста од потврдување на искажаните податоци во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Одговорното лице на партијата да преземе активности сметководствените трансакции да бидат поткрепени со комплетна и уредна документација.

4.2.3. Политичката партија со еден радиодифузер има склучено Договор за вршење рекламни услуги за период 2010-2019 година, во кој е уредено дека фактурирањето ќе врши во две транши, односно на почетокот на 2016 и 2020 година, иако во член 31 и член 53 од Законот за данокот на додадена вредност радиодифузерот требало да издаде фактура на денот а најдоцна во рок од пет работни дена од кога бил извршен соодветниот дел од прометот. Наведената состојба создава можност од ненавремено пресметување, пријавување и плаќање на ДДВ од страна на радиодифузерот.

Во 2016 година договорот е предвремено раскинат од страна на политичката партија, поради што радиодифузерот извршил целосно фактурирање за извршените услуги (детално опишано во точка 6.4. од Извештајот).

**Препорака:**
Одговорното лице на партијата да преземе мерки и активности договорите да се склучуваат согласно законската регулатива.

4.2.4. Со увид во документацијата за извршениот попис на средствата и изворите на средствата за 2016 година, ревизијата ги утврди следните состојби:

- пописните листи за обврските не се целосно пополнети, односно не содржат податоци за правната основа за настанување на истите, потврда дека состојбата на преземените обврски е уредно, хронолошко, целосно и правилно евидентирана во сметководствената евиденција, како и за причините за неизмирените обврски спрема добавувачите;
- со пописот не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата, обврските и изворите на средствата утврдена со пописот на 31.12.2016 година;
- не е изготвен Извештај за извршениот попис на средствата, обврските, изворите на средствата и на ситниот инвентар со состојба на 31.12.2016 година и акт за негово усвојување и
- од страна на пописната комисија донесена е Одлука за расходување на ситен инвентар од минати години, со предлог за негово целосно отпишување поради дотрајаност, застареност и неисправност за употреба. Врз основа на донесената одлука од пописната комисија, ситниот инвентар во 2016 година целосно е расходуван од сметководствената евиденција, без одлука за истото од страна на одговорното лице.

Наведените состојби не се во согласност со Законот за сметководството за непрофитните организации и Правилникот за сметководството за непрофитните организации и имаат влијание на реалноста и објективноста на искажаните состојби на средствата во Билансот на состојба на ден 31 декември.
**Препорака**:
Одговорното лице на партијата да преземе мерки за целосно спроведување на пописот на средствата и изворите на средствата во сите фази, пополнување на сите потребни податоци во пописните листи, усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот и изготвување на извештај од извршениот попис, заедно со акт за усвојување на истиот и нивно проследување за евидентирање на разликите во сметководствената евиденција.

4.2.5. Во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на ВМРО-ДПМНЕ за 2015 година, овластениот државен ревизор истакна дека во сметководствената евиденција на партијата искажани се побарувања за дадени аванси на правно лице, во износ од 1.542 илјади денари, за кои на ревизијата не и беше доставена поткрепувачка документација за утврдување на основот за исплата на истите, а која состојба останува непроменета и во 2016 година. Наведеното не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството на

непрофитните организации и влијае на можноста за потврдување на реалноста и објективноста на искажаната вредност на наведеното побарување за дадени аванси.

**Препорака:**
Одговорното лице на партијата, во координација со одговорното лице за водење на деловните книги да преземат активности, евидентираните трансакции во деловните книги да бидат поткрепени со комплетна и уредна документација.

**Основ за изразување на мислење**

Поради вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точката 4.2. кои се однесуваат на не изготвен извештај и не донесен акт за усвојување на спроведен попис, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување мислење за финансиските извештаи, додека вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење во точките 4.1. и 4.2. кои се однесуваат на располагање со повеќе од една трансакциска сметка, нецелосна примена на сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, склучен договор за рекламирање, евидентирање во деловните книги без соодветна поткрепувачка документација/фактури и прилози од кои може да се потврди веродостојноста на истите, не изготвен извештај и не донесен акт за усвојување на спроведен попис и искажани побарувања за дадени аванси во минати години без поткрепувачка документација, имаат влијание врз издаденото мислење од страна на ревизијата за усогласеност со закони и прописи.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата објаснети во точките 4.2., ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизија. Следствено ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство-ВМРО-ДПМНЕ кои се предмет на ревизија.
**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за можните ефекти на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство-ВМРО-ДПМНЕ, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Овластениот државен ревизор во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на ВМРО-ДПМНЕ за 2015 година, изврши обелоденување на утврдената состојба во врска со Договор за пренесување на право на градење од 15.01.2013 година, согласно кој партијата за реализација на овој договор го пренесува правото на градење на друштвото, на градежното земјиште кое е во нејзина сопственост и владение, а заради изградба на објект. Градежните работи на објектот (деловен центар) се завршени на ден 17.03.2016 година, за чија градба извршен е технички прием со што е констатирано дека објектот може да се употребува.

По извршениот технички прием на објектот, извршена е физичка делба на предметното градежно земјиште со која е утврдена површината на градежното земјиште која е во функција на делот од новоизградениот објект и кој му припаѓа на партијата и со Имотен лист број 52750 од 23.05.2016 година, наведениот објект е предаден во сопственост и владение на ВМРО-ДПМНЕ, додека со Записник[1] извршено е примопредавање на објектот.

Понатаму, делот од објектот сметководствено е евидентиран под датум 22.05.2016 година, врз основа на извршена проценка од страна на овластен проценител[2], во која е утврдена пазарната вредност на деловниот објект во износ од 861.054 илјади денари и вредноста на градежното земјиште во износ од 30.932 илјади денари. Пристапување кон проценка на вредноста на објектот и градежното земјиште е резултат на потребата од утврдување на објективна вредност на објектот, како и задоцнето доставување на конечната пресметка изготвена од Друштвото за градежништво. Вкупната вредност на завршната ситуација (Конечната пресметка)[3] доставена во март 2017 година, изнесува 359.943 илјади денари, во кој износ е содржана и вредноста на дополнителни работи по фактури од добавувачи за набавка на опрема и ситен инвентар во износ од 47.624 илјади денари, додека истата не содржи вредност на градежно земјиште.

Со Записник за примопредавање, договорните страни потврдуваат дека работите се извршени согласно договорот и прописите од областа, согласно предвидениот квалитет на материјали, без несогласувања од технички карактер, дека гарантните листови и атестите за опремата што е вградена се предадени на партијата, а гарантните рокови почнуваат да течат од датумот на предавање на првиот функционален дел кој припаѓа на истата, односно од 22.05.2016 година. Истотака, со потпишување на Записникот, договорните

[1] Записник за извршено примопредавање на недвижна ствар број 02-106/1 од 22.05.2016 година

[2] Извештај за извршена процена на недвижен имот-Палата Др. Христо Татарчев лоциран на плоштад ВМРО бр.1 по ИЛ 52750 КО Центар 1, број 08-30/17-1 од 24.02.2017 година

[3] Завршна ситуација (конечна пресметка) хотел Бетон со компатибилни деловни намени Ламела 2 на ул. Ѓуро Стругар во Скопје број 0504-2685 од 06.03.2017 година (заведена во ВМРО-ДПМНЕ под број 05-113/1 од 14.03.2017 година)

страни потврдуваат дека првиот функционален дел кој припаѓа на партијата, целосно е завршен согласно обврската на Друштвото за градежништво „Клуч на рака„ што подразбира изграден, опремен, ентериерно уреден и целосно функционален, истиот се предава на партијата и може веднаш да се употребува. Со извршениот прием и сметководствено евидентирање на објектот во партијата, извршен е прием и евидентирање и на опрема во износ од 43.271 илјади денари и ситен инвентар во износ од 11.590 илјади денари, отстапени без надомест од страна на Друштвото за градежништво, а за истите приложени се фактури од добавувачите доставени до Друштвото.

Во погоре наведениот договор предвидено е конечната вредност на истиот заеднички да биде утврдена по завршување на Конечната пресметка, со која се опфаќаат вредноста на градежното земјиште, сите работи изведени врз основа на договорот, вклучувајќи ги и извршените непредвидени и дополнителни работи (работи што не се договорени и не се нужни за исполнување на договорот, а партијата бара да се изведат) кои ќе произлезат со изградбата на објектот и ќе се изведат на трошок на Друштвото за градежништво, но без одредба со прецизно специфицирање на извршените дополнителни работи по вид и вредност, со која би се потврдило дали вака дефинираните одредби од договорот ги опфаќаат бесплатно преотстапените опрема и ситен инвентар или истите треба да добијат третман на донација, согласно одредбите од Законот за финансирање на политичките партии.

Во текот на ревизијата, партијата со допис[4] се обрати до Друштвото за градежништво со барање за објаснување во врска со ситниот инвентар и опремата предаден согласно Записникот за извршено примопредавање, како и доставената Завршна ситуација-Конечна пресметка од март 2017 година. Од страна на Друштвото, доставен е одговор на барањето[5] во кој истото повикувајќи се на член 4, член 5, член 6, точка 1, член 15, став 1, член 19, став 1 и член 26 од склучениот Договор за пренесување на право за градење, како и на извршеното примопредвање на недвижна ствар со Записник, известува дека објектот е целосно завршен по систем „клуч на рака„ – изграден, опремен, ентериерно уреден и целосно функционален, спремен за употреба е предаден на партијата, како прва договорна страна. Понатаму известува дека за вградените количини, опрема, ентериерно уредување и опремување изработени се градежни книги, заверени од страна на Надзорен орган, приложени се фактури од вградената опрема (вклучувајќи го и ситниот инвентар) евидентирана во завршната пресметка потпишана од двете договорни страни, која книговодствено е заведена кај Друштвото и за истата е пресметан ДДВ.

Ревизијата истакнува дека за погоре наведената состојба се води постапка пред надлежни органи, чиј конечен исход може да има влијание врз податоците искажани во финансиските извештаи.

6.2. На сметките за инвестиции во тек евидентирано е електронско информативно

[4] Барање број 02-57/1 од 08.02.2018 година
[5] Одговор на барање од 08.02.2018 година со број 02-57/1, заведен под број 06-61/1 од 09.02.2018 година

и рекламно пано-дисплеј во износ од 5.266 илјади денари, кој произлегува од:

- доставени авансни фактури во текот на 2015 година, за изработка и монтажа на челична конструкција во износ од 1.126 илјади денари и за набавка на дисплеј во износ од 3.874 илјади денари и
- доставени фактури во текот на 2016 година за изградба на фундамент за поставување на електронското пано, како и за извршен стручен надзор над поставување на истото, во вкупен износ од 266 илјади денари.

Со увид во сметководствената евиденција и расположливата документација утврдивме дека сеуште не е обезбедена целокупната документација (гарантен лист за исправното функционирање на дисплејот, завршен извештај за извршен стручен надзор над поставувањето на фундаментот, како и фактура во износ од 608 илјади денари, како дел од договорениот износ за челичната конструкција, која требало да се достави 20 дена по монтажа на истата).

Во текот на ревизијата, од страна на партијата доставена е втора времена ситуација од добавувачот за набавка, изработка и монтажа на комплетна челична конструкција за дисплеј од јули, 2017 година во износ од 1.931 илјада денари, согласно понуда од ноември 2016 година, во која поради промена на проектот утврдени се дополнителни количини во однос на договорените. До денот на вршење на ревизијата, втората времена ситуација не е сметководствено евидентирана, од причина што во тек се активности за усогласување со добавувачот, проверка и одобрување на истата. Наведените активности ќе имаат влијание на идните финансиски извештаи.

6.3. Во декември 2016 година, ВМРО-ДПМНЕ со деловна банка има склучено Договор за одобрување на долгорочен кредит, врз основа на Договор за утврдување на рамковен револвинг кредит - лимит врз основа на заложно право со својство на извршна исправа, со утврден лимит во износ од 3.000.000 евра. Согласно Договорот за одобрување на долгорочен кредит, банката на партијата и одобрила кредит за обртни средства во износ од 91.914 илјади денари, со рок на отплата од 48 месеци од денот на искористувањето, во кој е вклучен грејс период од 9 месеци. ВМРО-ДПМНЕ пред отпочнување на користењето на кредитот за обезбедување на отплатување на кредитот, каматата и другите трошоци по кредитот, на банката и има доставено хипотека на недвижен имот – административно деловен објект на ул. Ѓуро Стругар број 36 во Скопје и залог на подвижен имот – целокупната опрема во функција на административниот објект. Од страна на Централниот комитет на партијата донесена е Одлука[6] за задолжување и заложување на наведениот имот.

Средствата од одобрениот долгорочен кредит во износ од 91.914 илјади денари се пренесени и евидентирани како долгорочни обврски на сметката за редовно работење на партијата, од кои 91.000 илјади денари се префрлени на сметката на Коалицијата за предвремени избори на пратеници 2016, предводена од ВМРО-ДПМНЕ за финансирање на изборна кампања 2016. Преносот на

[6] Одлука за задолжување и заложување на недвижен имот и подвижен имот број 02-391/1 од 11.11.2016 година

средствата е извршен заради исполнување на обврската на партијата која произлегува од Договор[7] склучен со коалиционите партнери, согласно кој ......„*договорните страни се согласни во случај да донациите, членарината и средствата на име трошоци за избори кои се исплаќаат од Буџетот на Република Македонија согласно член 86 од Изборниот законик на учесникот во изборната кампања, да не ги покријат превземените обврски за финансирање на изборната кампања 2016 година, истите ќе бидат покриени од страна на носителот на коалицијата ВМРО-ДПМНЕ, преку обезбедување на обртни средства*„.

Согласно член 13 од Законот за финансирање на политичките партии[8], изворите од кредити не се предвидени како приватни извори на финансирање, но истите предвидени се како сметки и позиции за обезбедување други приходи во Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации[9], Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации[10] и Правилникот за образецот, формата, содржината и начинот на водење на Годишниот финансиски извештај за политичките партии[11].

Ревизијата истакнува дека за погоре наведената состојба се води постапка пред надлежни органи, чиј конечен исход може да има влијание врз податоците искажани во финансиските извештаи.

6.4. Политичката партија склучила договор со радиодифузер број 03-9/2 од 11.01.2010 година со кој се уредени меѓусебните права и обврски за пакет континуирана услуга - емитување на рекламни спотови од 01.01.2010 година до 31.12.2019 година. Во периодот од 2013 до 2015 година склучени се три анекси кон основниот договор со кои се изменети првично договорените вредности на рекламните спотови и периодите на изготвување и доставување на фактурите за извршените услуги/емитување на рекламни спотови.

Со извршената ревизија на одредбите од склучените договори констатиравме дека уредено е договорните страни да го утврдуваат бројот на емитувани секунди на крајот од секоја година, со извештај кој што ќе биде составен дел на фактурите кои ќе се изготвуваат и доставуваат на два пати и тоа:

- прва транша за периодот од 2010 до 2014 година, во јануари 2016 година и
- втора транша за периодот од 2015 до 2019 година, во јануари 2020 година.

Постапувајќи согласно договорот радиодифузерот во 2016 година извршил

---

[7] Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски на договорните страни број 02-457/9 од 20.12.2016 година

[8] Приватни извори на финансирање на политичките партии се:
- членарина,
- донации, подароци, прилози, дотации, спонзорства (во натамошниот текст: донации),
- легати,
- продажба на промотивен и пропаганден материјал и
- сопствени приходи согласно со овој закон.

[9] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/2005, 11/2006

[10] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/2005

[11] „Службен весник на Република Македонија„ број 21/2013

фактурирање за извршените услуги/емитување на рекламни спотови во периодот 2010 – 2014 година и тоа во вкупен нето износ од 47.379 илјади денари на кои пресметал ДДВ во износ од 8.528 илјади денари.

Истакнуваме дека овој начин на уредување на фактурирањето за извршените услуги не е во согласност со член 31 и член 53 од Законот за данокот на додадена вредност согласно кој радиодифузерот требало да издаде фактура на денот а најдоцна во рок од пет работни дена од кога бил извршен соодветниот дел од прометот, односно по завршување на секоја година предмет на договорот, заради навремено пресметување, пријавување и плаќање на даночниот долг по основ на ДДВ од страна на радиодифузерот.

Во 2016 година договорот е предвремено раскинат од страна на политичката партија, поради што радиодифузерот извршил фактурирање и за извршените услуги во 2015 година во нето износ од 16.139 илјади денари за кои е пресметан ДДВ во износ од 2.905 илјади денари.

6.5. Во јануари, 2014 година со странско лице склучен е договор за изработка на 287 оригинални слики во вкупен износ од 310.000 евра, а во јули 2015 година со домашно правно лице склучен е договор за поставување на рамки на сликите, во вкупен износ од 5.050 илјади денари без ДДВ.

Во декември 2016 година, поради неможноста на авторот на сликите и изведувачот на работите за врамување на сликите да ги завршат работите во целост во првично договорениот рок, 31.12.2016 година, склучени се анекси на основните договори со кои се продолжува рокот за изработка на сликите кои не се изработени до договорениот рок, односно истите да се изработат заклучно со 30.06.2017 година. Притоа, предвидено е за истите да достави спецификација и да се изврши фактурирање по целосното завршување на предметот на договорите, најдоцна до ново утврдениот рок, 30.06.2017 година.

Утврдивме дека во сметководствената евиденција на партијата за 2016 година воведени се 271 уметнички слики во износ од 23.629 илјади денари, врз основа на склучените договори и Преглед на изработени уметнички слики на 31.12.2016 година, а до моментот на вршење на ревизијата, не е се доставени фактури за доставените слики.

Истакнуваме дека со член 31 и член 53 од Законот за данокот на додадена вредност е уредено дека доколку прометот се извршува во делови, време на настанување на даночниот долг е денот во кој е извршен соодветниот дел од прометот, додека фактурата се издава на денот на кој бил извршен прометот, а најдоцна во рок од пет работни дена.

6.6. Со извршениот увид во расположливата документација и сметководствената евиденција констатиравме состојби кои не ни овозможија целосно уверување во состојбата на обврските во известувачкиот период, а кои може да имаат идно влијание на обврските и расходите на партијата и тоа:

- согласно договор за консултантски услуги[12] евидентирани се обврски во износ од 12.189 илјади денари за извршени услуги во период јануари-март 2016 година. На ревизијата и беше презентирана фактура во износ од 7.553 илјади денари за извршени услуги во април и мај 2016 година, која не е сметководствено евидентирана, поради тоа што опфаќа услуги за период кој не е во целост усогласен со периодот предвиден во склучениот договор, за што во тек се активности за проверка, потврдување и одобрување на фактурата за сметководствено евидентирање од страна на партијата;
- со странски консултант склучен е договор за вршење услуги во период од декември 2015 година до април 2016 година, согласно кој на ревизијата и беа презентирани фактури за извршени услуги во јануари и февруари 2016 година, во вкупен износ од 3.843 илјади денари, додека за останатиот период не се презентирани фактури, ниту е приложен допис за предвремено раскинување на договорот.

6.7. Во текот на ревизијата беа изготвени конфирмации заради потврдување на усогласеноста на сметководствената состојба на побарувањата и обврските партијата. Истите не беа одобрени и испратени од страна на одговорното лице во партијата, поради што ревизијата не беше во можност целосно да ја заврши постапката за верификација на состојбата на побарувањата и обврските на ден 31.12.2016 година.

6.8. Во текот на 2016 година прифатени и спроведени се корекции кои предизвикуваат зголемување на активата и пасивата во вкупен износ од 18.103 илјади денари и тоа по основ на:

- извршени корекции во износ од 702 илјади денари за помалку искажана амортизација на материјални и нематеријални средства поради примена на несоодветни стапки за амортизација, како и несоодветно утврден период за пресметка на истата. Корекциите се извршени со налог за книжење број 3 од 02.01.2017 година;
- сметководствено евидентирање на ненавремено евидентирани обврски спрема добавувачи во земјата и во странство, како и обврски спрема државата во вкупен износ од 27.639 илјади денари. Корекциите се спроведени со налози за книжење број 90001 од 05.04.2017 година, број 90002 од 26.07.2017 година број 90004 од 26.07.2017 година, број 90005 од 03.08.2017 година, број 90006 од 30.12.2017 година, број 91004 од 30.12.2017 година и број 40002 од 28.02.2017 година;
- намалување на вредноста на ситниот инвентар во употреба во износ од 10.238 илјади денари, заради несоодветно извршен отпис на истиот при негово ставање во употреба, како и несоодветно евидентирање на набавки кои претставуваат расходи за тековно одржување на сметките за ситен инвентар. Корекциите се спроведени со налог за книжење број 5 од 02.01.2017 година.
- со налог за книжење број 2 од 02.01.2018 година спроведени се корекции во

[12] Договор број 02-222/1 од 11.12.2015 година, со важност од 01.12.2015 - 24.04.2016 година

износ од 5.267 илјади денари кои не предизвикаа промени на вкупната актива и пасива, а се однесуваат на сметководствено прекнижување на вредноста на информативно рекламно пано од сметките за материјални средства на сметките за материјални средства во подготовка и од сметките за деловен фонд на сметките за пасивни временски разграничувања.

Спроведените корекции на секоја позиција поодделно, детално се прикажани во делот Образложенија кон финансиските извештаи.

## 7. Останати прашања

7.1. Согласно член 13 од Законот за сметководството за непрофитните организации[13] признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции, што значи дека приходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост.

Согласно наведениот член, приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно и постапувањето при евидентирањето на истите кај политичките партии е еднообразно, додека под критериумот расположливост на приходите во пресметковниот период се подразбира дека приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Исто така во однос на расходите е регулирано дека расходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

Примената на критериумот расположливост на приходите, како и признавањето на расходите, во пракса создава потешкотии при сметководственото евидентирање на трансакциите во деловните книги на партиите, како и разновидност во постапувањето при евидентирањето на истите.

Ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да донесат поконкретни насоки за постапувањето во однос на признавањето на приходите и расходите според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, како и во однос на нивното евидентирање или да се преземат мерки за законско доуредување.

7.2. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во член 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации и член 18 од

[13] "Службен весник на Република Македонија" број 24/2003, 17/2011 и 154/15

Правилникот за сметководство за непрофитните организации[14] уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции“. Врз основа на наведените закони, донесени се подзаконски акти за унифицирано воспоставување на сметководствената евиденција кај непрофитните организации и билансни обрасци:

- Правилник за сметковниот план и билансите на непрофитните организации[15] и
- Правилник за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации[16] .

Со извршениот увид во наведените акти ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа”.

За надминување на утврдената состојба, надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе се обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на “модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции”.

7.3. Согласно член 13 од Законот за финансирање на политичките партии, утврдени се приватните извори од кои може да се врши финансирање на политичките партии. Истовремено, во Правилникот за образецот, формата, содржината и начинот на водење на Годишниот финансиски извештај за политичките партии („Службен весник на Република Македонија„ број 21/2013), во точка 39 од пропишаниот образец на Годишниот финансиски извештај предвидена е позиција за расходи за камати на кредити и заеми, кои како извор на финансирање на политичките партии не е предвиден во горенаведениот закон. Ревизијата смета дека е потребно надлежните органи да преземат активности за усогласување на подзаконските акти со изворите на финансирање на партиите предвидени со важечката законска регулатива.

7.4. Согласно членот 13 од Законот за финансирање на политичките партии, членарината е предвидена како дел од приватни извори на финансирање на политичките партии. Членарината претставува редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата, кој износ поединечно по член, согласно член 14 од истиот закон, за период од една година не смее да биде повисок од една просечна исплатена нето плата во РМ објавена од Државниот завод за статистика. Приходите од членарина кај дел од партиите, се регулирани со интерни акти каде се пропишани висината на членарината, начинот на плаќање и уплата, како и начинот на нивното евидентирање, кои се

[14] “Службен весник на Република Македонија” број 24/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011
[15] “Службен весник на Република Македонија” број 117/2005, 11/2006
[16] “Службен весник на Република Македонија” број 117/2005

разликуваат кај одделните партии.

Заради воедначено постапување кај сите политички субјекти, ревизијата смета дека е потребно надлежните органи да донесат поконкретни насоки за регулирање на начинот на плаќање, уплата, евидентирање, со цел еднообразност во начинот на нивното сметководствено евидентирање и потврдување на законски утврдениот лимит за секој член одделно и пренос на истите на сметките за изборната кампања.

7.5. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии[17] вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон објавени во „Службен весник на Република Македонија” број 57/2007 и 60/2007. Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии е уреден со Законот за финансирање на политичките партии[18], вклучувајќи ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија” број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и покрај тоа што Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените закони.

Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на горенаведените законски акти.

7.6. Согласно член 8, 9 и 10 од Законот за финансирање на политички партии утврден е начинот на редовно годишно финансирање од Буџетот на РМ. Средствата во утврдениот износ, почнувајќи од 2011 година за секоја фискална година се планираат во разделот на Министерството за правда. За трансферот на средствата Министерството за правда изработува поединечни Решенија кои ги доставува до политичките партии.

За потребите на годишното финансирање на политичките партии, донесено е Упатство[19] со кое како надлежен одговорен орган за пресметка и распределба на

---

[17] “Службен весник на Република Македонија” број 76/2004, 5/2007, 8/2007, 5/2008 и 23/2013

[18] “Службен весник на Република Македонија” број 76/2004, 86/2008, 161/2008, 96/2009, 148/2011, 142/2012 и 23/2013

[19] Упатство за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии (“Службен весник на Република Македонија” број 59/05, 73/07, 52/10 и Одлука на Уставен суд У.бр.16/2011 од 21.09.2011 година објавена во „Службен весник на Република Македонија„ број 132/2011)

средствата е утврдено Министерството за финансии. Упатството не е усогласено со одредбите од Законот за финансирање на политичките партии во кој со измените од 2011 година како надлежен орган за планирање, пресметка, носење решение и трансфер на средствата за годишно финансирање на политичките партии е Министерството за правда.

Горенаведеното укажува дека има потреба надлежните органи да извршат усогласување на Упатството како подзаконски акт со Законот за финансирање на политичките партии со цел попрецизно регулирање на начинот на финансирање на политичките партии од Буџетот на РМ.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2016 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2016** | **2015** |
| **Приходи** | | |
| Приходи од камата и позитивни курсни разлики | 137 | 25 |
| Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 163.594 | 133.181 |
| Приходи од кирии и закупнини | 741 | 0 |
| Сопствени приходи | 2.434 | 0 |
| Други приходи | 91.914 | 0 |
| Пренесен дел од вишок на приходи од претходната година | 2.954 | 15.442 |
| **Вкупно приходи** | **261.774** | **148.648** |
| **Расходи** | | |
| Материјални расходи, услуги, амортизација | 62.508 | 54.295 |
| Други расходи | 168.305 | 33.571 |
| Капитални и други средства | 411 | 52.455 |
| Помошти, дотации и други давачки | 11.299 | 0 |
| Плати и надоместоци на плати | 2.646 | 1.989 |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 9.737 | 3.345 |
| **Вкупно расходи** | **254.906** | **145.655** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **6.868** | **2.993** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2016 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Парични средства, краткорочни побарувања и АВР** | | |
| Парични средства | 6.778 | 2.794 |
| Побарувања купувачи | 1.388 | 2.434 |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | 1.665 | 2.791 |
| Други краткорочни побарувања | 1 | 62 |
| Побарувања за повеќе платени даноци и придонеси | 0 | 89 |
| Активни временски разграничувања | 456.275 | 301.786 |
| **Вкупно тековни средства** | **466.107** | **309.956** |
| | | |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 1.204.645 | 261.225 |
| **Вкупно постојани средства** | **1.204.645** | **261.225** |
| | | |
| **Материјали, резервни делови и ситен инвентар** | | |
| **Ситен инвентар** | **0** | **0** |
| **Вкупно материјали, резервни делови и ситен инвентар** | **0** | **0** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **1.670.752** | **571.181** |
| **Вонбилансна актива** | **3.057** | **7.056** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Краторочни обврски и ПВР** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 362.064 | 298.308 |
| Обврски спрема државата и други институции | 2.854 | 3.418 |
| Обврски за плати | 363 | 50 |
| Пасивни временски разграничувања | 8.912 | 8.179 |
| **Вкупно краткорочни обврски и ПВР** | **374.193** | **309.955** |
| | | |
| **Извори на средства** | | |
| Деловен фонд | 1.197.314 | 259.162 |
| Ревалоризациона резерва | 2.064 | 2.064 |
| Долгорочни обврски | 91.914 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **1.291.292** | **261.226** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **1.665.485** | **571.181** |
| **Вонбилансна пасива** | **3.057** | **7.056** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2016 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Деловен фонд | Останат капитал | Ревалоризациона резерва | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2016 година | **259.162** | - | **2.064** | **261.226** |
| **Зголемување по основ на:** | **960.734** | **11.590** | - | **972.324** |
| Набавки во текот на годината | 24.273 | - | - | **24.273** |
| Проценета вредност на објект за Главен штаб-Центар и бесплатно преотстапена опрема и ситен инвентар | 935.257 | 11.590 | - | **946.847** |
| Докнижување на соодветна ставка | 1.162 | - | | **1.162** |
| Корекции по ревизија | - | - | - | - |
| Корекции на амортизација од претходен период | 42 | - | - | **42** |
| **Намалување по основ на:** | **22.582** | **11.590** | - | **34.172** |
| Кусок по попис | | | | - |
| Амортизација | 14.960 | 1.352 | | **16.312** |
| Прекнижување на соодветна ставка | 3.057 | - | | **3.057** |
| Корекции по ревизија | 5.267 | | | **5.267** |
| Корекции на амортизација од претходен период и на отпис на ситен инвентар од тековна година | (702) | 10.238 | | **9.536** |
| **Состојба 31.12.2016 година** | **1.197.314** | - | **2.064** | **1.199.378** |

Палата Д-р. „Христо Татарчев“,
Плоштад „ВМРО“ бр. 1,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. +389 2 3102 800

ВМРО-ДПМНЕ
(ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство)
Бр. 02 - 312/1
30.04. 2018 год.
СКОПЈЕ

02.05.2018
09-415/4

**До:** Државен завод за Ревизија

**Адреса:** Ул. Јордан Мијалков П. Фах 249
1000 Скопје

**Врска:** Ваш број 09-415/2 од 26.03.2018 година

**Предмет:** Доставување на забелешки по Нацрт извештај

Почитувани,

Согласно Вашиот допис со број 09-415/2 од 26.03.2018 година, во Прилог на овој допис Ви го доставуваме Прилог бр. 1 – Забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на ВМРО-ДПМНЕ на сметката за редовно работење за 2016 година, заедно со ревизијата на усогласеност.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

**Генерален Секретар**

**Игор Јанушев**

Прилог: Прилог бр. 1

Палата Др. Христо Татарчев
Плоштад ВМРО бр.1
1000 Скопје
Република Македонија
Тел. +389 2 3102 800

**ПРИЛОГ БР. 1**

**Забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на ВМРО-ДПМНЕ на сметката за редовно работење за 2016 година, заедно со ревизијата на усогласеност**

Палата Др. Христо Татарчев
Плоштад ВМРО бр.1
1000 Скопје
Република Македонија
Тел. +389 2 3102 800

ВМРО-ДПМНЕ ги дава следните забелешки на Вашиот Нацрт извештај:

Во однос на наведеното дека ВМРО-ДПМНЕ покрај сметката за редовно работење располага и со наменска сметка за уплата на средства за помош на семејствата кои претрпеле штета во поплавите во 2016 година, Ве информираме дека согласно Одлуката со број 02-124/1 од 12.03.2018 година донесена од страна на Извршниот Комитет на ВМРО-ДПМНЕ е започната постапка за донација на средствата кои се наоѓаат на горенаведената наменска сметка, со што по добивање на позитивна согласност од страна на Министерството за правда согласно Барање со број 02-281/1 од 24.04.2018 година, средствата ќе бидат донирани на ООУ "Кирил и Методиј" – Стајковци, Општина Гази баба. По извршената донација на средствата, ќе следи затворање на горенаведената наменска сметка.

Прилог:

- Копија од Одлука со број 02-124/1 од 12.03.2018 година донесена од страна на Извршен Комитет на ВМРО-ДПМНЕ;
- Копија од Барање со број 02-281/1 од 24.04.2018 година и
- Копија од Договор за донација со број 02-270/1 од 20.04.2018 година.

Во однос на наведеното дека не е доставена комплетна документација, Ве информираме дека заради промената на раководството во ВМРО-ДПМНЕ, лицата кои беа задолжени за комуникација со вас не беа во можност ни технички ни организационо да постапат во целост согласно Вашите барања, па оттука се надеваме дека од Ваша страна ќе биде разгледана и прифатена приложената документација.

1. **Одговор на забелешки за Прилог 2**

1. Во однос на забелешката која се однесува на реден број 1 од Прилог 2, Ве информираме дека се работи се фактури кои се однесуваат за објави во дневните весници Дневник и Вест. Воедно пробавме да стапиме во контакт со правното лице МПМ се со цел да ни ги достават копија од огласите објавени во дневните весници Дневник и Вест (бидејќи се работи за изданија на дневните весници кои се објавени во текот на 2016 година), меѓутоа не успеавме да ги добиеме бараните копии од огласите заради фактот што за правното лице МПМ е отворена стечајна постапка.

2. Во однос на забелешките кои се однесуваат на реден број 2 и 3 од Прилог 2 Ви доставуваме визуелен доказ (фотографии во електронска форма) со кои се потврдува дека услугите кои се фактурирани согласно фактурите доставени од Акцент Медиа се навистина реализирани.

Прилог:

Палата Др. Христо Татарчев
Плоштад ВМРО бр.1
1000 Скопје
Република Македонија
Тел. +389 2 3102 800

- 2 (два) Компакт диска (ЦД-а) на кои се наоѓаат визуелните докази (фотографии во електронска форма).

2. **Одговор на забелешки за Прилог 3**

1. Во однос на забелешката која се однесува на реден број 1 од Прилог 3, Ве информираме дека согласно Договорот со број 02-01/2 од 02.01.2014 и Анекс кон Договор со број 02-997/1 од 13.12.2016 година, е дефинирано дека Артистот е должен фактурата да ја достави, откако во целост ќе ги достави сите 287 оригинални слики до купувачот. Воедно согласно пописот за 2017 година ВМРО-ДПМНЕ има примено вкупно 268 слики согласно Договорот со број 02-01/2 од 02.01.2014 и Анекс кон Договор со број 02-997/1 од 13.12.2016 година. Со оглед на фактот дека Артистот не ги има доставено сите 287 слики, истиот нема доставено фактура согласно соодветниот договор.

2. Во однос на забелешката која се однесува на реден број 2 од Прилог 3, Ве информираме дека согласно Договорот со број 02-117/1 од 27.07.2015 и Анекс кон Договор со број 02-496/1 од 13.12.2016 година, е дефинирано дека изведувачот е должен да ја достави фактурата откако во целост ќе го изврши предметот на договорот односно да постави рамки на 287 слики. Воедно согласно пописот од 2017 година ВМРО-ДПМНЕ има примено рамки за вкупно 268 слики согласно Договорот со број 02-117/1 од 27.07.2015 и Анекс кон Договор со број 02-496/1 од 13.12.2016 година. Со оглед на фактот дека Изведувачот го нема во целост извршено предметот на договорот односно нема поставено рамки на 287 слики (има поставено рамки само на 268 слики) нема доставено фактура согласно соодветниот договор.

3. Во однос на забелешката која се однесува на реден број 4 од Прилог 3 Ви доставуваме копија од Фактурата со број 117686 која се однесува на Договор со број 02-78/1 од 20.04.2016 година и копија од Фактура со број 117687 која се однесува на Договор со број 02-356/2 од 03.11.2016 година.

   Прилог:
   - Копија од фактура со број 117686 и копија од Фактура со број 117687.

4. Во однос на забелешката која се однесува на реден број 5 од Прилог 3 Ве информираме дека тој договор е поништен, со што Ви доставуваме копија од поднесокот со број 0402-246 од 19.12.2017 година доставен од страна на Берово Транс и копија од сметководствена евиденција со која се потврдува дека договорот не е реализиран.

Палата Др. Христо Татарчев
Плоштад ВМРО бр.1
1000 Скопје
Република Македонија
Тел. +389 2 3102 800

Прилог:

- Копија од поднесокот со број 0402-246 од 19.12.2017 година доставен од страна на Берово Транс и копија од сметководствена евиденција со која се потврдува дека договорот не е реализиран

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 02.05.2018 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ број 02-312/1 од 30.04.2018 година од Игор Јанушев, генерален секретар на партијата, а по овластување на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, заведени во Државниот завод за ревизија под број 09-415/4 од 02.05.2018 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.1.** која се однесува на тоа дека политичката партија покрај сметката за редовно работење располага со уште две сметки, отворени во две деловни банки и тоа: сметка за пренос на средства од одобрен кредит за обртни средства и наменска сметка за уплата на средства за помош на семејства кои претрпеле штета во поплавите во 2016 година, претставува **известување** за преземените активности од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Имено, по доставувањето на Нацрт извештајот, Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ во февруари 2018 година има донесено Одлука за донирање на преостанатите парични средства на наменската сметка за донации на основно училиште од поплавеното подрачје. Помеѓу донаторот и корисникот на средствата во април 2018 година склучен е договор за донација, кој треба да се реализира по добивање позитивна согласност на доставеното барање до Министерството за правда за потврдување на јавниот интерес на донацијата. Преземените активности од ВМРО-ДПМНЕ ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај и дадената препорака ќе биде соодветно прилагодена, додека истите ќе бидат предмет на наредни ревизии.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.2.**, **алинеја 1**, која се однесува на тоа дека евидентирани се фактури за рекламни и маркетинг услуги во вкупен износ од 3.170 илјади денари, за кои на ревизијата не и беше презентирана комплетна поткрепувачка документација како потврда за извршените услуги прикажани во Прилог 2, **делумно се прифаќа** од причина што за извршените маркетинг услуги и услуги за печатење и монтажа на постери во вкупен износ од 2.552 илјади денари доставена е дополнителна документација/фотографии во електронска форма (билборди). Преземените активности во однос на обезбедувањето на дополнителната документација од ВМРО-ДПМНЕ соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај.

   Исто така, забелешката дадена на констатираната состојба во **точката 4.2.2.**, **алинеја 1**, која се однесува на евидентирани фактури за објавување на огласи во

износ од 618 илјади денари, за кои на ревизијата не и беше презентирана комплетна поткрепувачка документација - објавите во печатените медиуми, претставува **известување** дека фактурите се однесуваат за објави во два дневни весници во текот на 2016 година, за кои Партијата не успеала да обезбеди докази/копии од огласите од причина што правното лице кое ги извршило услугите отворена е стечајна постапка.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.2.**, **алинеја 2**, која се однесува на евидентирани обврски за извршени услуги во вкупен износ од 27.156 илјади денари, врз основа на договори, без доставени фактури од добавувачите (превоз на лица и услуги за изработка и врамување на уметнички слики – прикажани во Прилог 3), **не се прифаќа** од причина што за извршените услуги за превоз во вкупен износ од 110 илјади денари, доставени се фактури од кои се со дата од 2017 година.
Забелешката поврзана со констатираната состојба во **точката 4.2.2.**, **алинеја 2,** која се однесува на извршени услуги за изработка и врамување на уметнички слики во вкупен износ од 25.024 илјади денари, претставува **известување** за веќе констатираната состојба, која овластениот државен ревизор ја имаше во предвид во текот на извршувањето на ревизијата.
Исто така, забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.2., алинеја 2,** која се однесува на евидентирани обврски за извршени услуги за превоз во вкупен износ од 1.500 илјади денари, врз основа на договор, без доставена фактура од добавувачот претставува **известување**. Имено ВМРО-ДПМНЕ известува дека по наведениот договорот не се реализирани услуги во текот на 2016 година, истиот е раскинат во текот на 2017 година, поради што обврската е целосно сторнирана од сметководствената евиденција на Партијата во текот на 2018 година.